Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 септември 2022 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за утврдување на категорија на угостителски објект

1. Со оваа решение се утврдува дека угостителскиот објект ХОТЕЛ ЕЛИТА со седиште на ул. Младен Груески бр. 14 Гостивар, ги исполнува условите за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди, со период на важност од три години, сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб страната на Владата на Република Северна Македонија.

Образложение

ЕЛИТА КОМПАНИ ХАЛИЛ И ДР. ДОО Гостивар со седиште на ул. Младен Груески бр. 14 Гостивар поднесе Барање бр. УП1-13-286 од 13.6.2022 година, за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект ХОТЕЛ ЕЛИТА, со седиште на ул. Младен Груески бр. 14 Гостивар, за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителските објекти, постапувајќи по Барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр. УП1-13-286 од 21.7.2022 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од четврта категорија со две ѕвезди, пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за сместување за вршење на угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20), Владата на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата за категоризација на угостителските објекти за сместување донесува решение за утврдување на категорија на угостителските објекти за сместување.

Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објкект за сместување се издава со важност од три години од денот на издавањето.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Бр. 41-7609/1
27 септември 2022 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Северна Македонија

д-р Димитар Ковачевски

Подготвил: Тања Поповска, самостоен референт
Проверил: Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Љубица Р. Димовска, државен советник
Снежана М. Пендовски, државен советник
Согласен: Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата